**ЗАПИСНИК**
**од 15-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 18.05.2023 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Горан Радуновиќ, м-р Арбен Саити, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 15-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:30 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски објасни дека на седницата се приклучени сите членови на Советот, но кај г-дин Јанчески се појави технички проблем кој тековно ќе го реши. Во однос на предложениот Дневен ред објасни дека при читањето ќе направи дополнување со уште една нова Точка 5 - Предлог за покренување постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга, бр.08-234 од 30.04.2019 година која ќе се додаде после Точка 4 за која што Советот навремено го има добиено материјалот.

Советот на Агенцијата едногласно, (гласањето на г-дин Јанчески беше преку аудио врска), го усвои следниот дополнет:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 14-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 03.05.2023 година.
2. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТВ Ирис од Штип за прекршување на член 15 став 1 од Законот за медиуми.
3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТВ Ирис од Штип за прекршување на член 15 став 3 од Законот за медиуми.
4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТВ Компани 21-М од Скопје за прекршување на член 15 став 3 од Законот за медиуми.

5. Предлог за покренување постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга, бр.08-234 од 30.04.2019 година.
6. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Одржување на компјутерска и друга ИКТ опрема.
7. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Истражување - Анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите.
8. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно (гласањето на г-дин Јанчески беше преку аудио врска) го усвои Записникот од 14-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 03.05.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точки 2, 3 и 4**

Г-дин Петрушевски предложи за Точките 2 и 3 бидејќи станува збор за ист медиум со различни прекршувања на Законот да се даде еден заеднички вовед и дискусија, а потоа поединечно да се гласа за секоја од нив.

Г-дин Трајчевски предложи во воведното објаснување да се додаде и Точка 4 затоа што се работи за прекршување на ист член од Законот за медиуми, иако станува збор за различен радиодифузер.

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева ги образложи Предлозите за изрекување мерка јавна опомена на ТВ Ирис од Штип за прекршување на член 15 став 1 и на член 15 став 3 од Законот за медиуми и Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТВ Компани 21-М од Скопје за прекршување на член 15 став 3 од Законот за медиуми. Објасни дека според член 15 од Законот за медиуми радиодифузерите се должни да обезбедат јавност во работењето. Точка 2 се однесува за ТВ ИРИС и обврската најдоцна до 31 март во Агенцијата да доставaт податоци за работењето. Ова е единствениот радиодифузер што не ја исполни оваа обврска и согласно Законот предлогот е да се изрече мерка јавна опомена и да му се даде рок од 45 дена за да ја исполни обврската. Во врска со Точка 3 објасни дека и таа е за истиот радиодифузер меѓутоа за друг став од овој член, односно дел од тие податоци што треба да ги доставaт до Агенцијата треба да ги објават на сопствената програма и снимка од објавата да доставaт во АВМУ. И оваа обврска не ја исполни ТВ Ирис и исто така се предлага мерка јавна опомена и да му се даде рок од 45 дена за да ја исполни обврската. За Точка 4 објасни дека ТВ Компани 21-М од Скопје ги достави податоците во Агенцијата, но не ја исполниле обврската тие податоци да ги објават на сопствената програма и снимка од објавата да ја доставaт во Агенцијата, што значи дека делумно ја исполниле обврската од Законот. Наведе дека и за овој радиодифузер предлогот е мерка јавна опомена и да му се даде рок од 45 дена за да се усогласи со Законот.

Г-дин Трајчевски во врска со Точка 2 објасни дека неисполнувањето на обврската во рок од 45 дена од приемот на Решението за преземање мерка јавна опомена значи и одземање на дозволата.

Раководителката м-р Магдалена Давидовска Довлева објасни дека тоа важи за Точките 2 и 3, што значи дека на радиодифузерот ќе му се даде рок од 45 дена да ги исполни обврските од став 1 и став 3 од член 15 од Законот за медиуми и доколку во дополнителниот рок не ја исполнат обврската „надлежното регулаторно тело ќе ја одземе дозволата за телевизиско и радио емитување".

Г-дин Петрушевски рече од службата лично да им се јават телефонски за да знаат дека овој прекршокот може да има сериозни последици и да не дојдат во ситуација за една ваква работа да останат без дозвола.

Г-дин Фиданоски рече дека сака да се надоврзе на дискусијата и праша во случај по контролниот надзор доколку не се исполни обврската тогаш дали се отвара постапка за одземање на дозволата како стандардно што до сега се постапувало и потоа имаат дополнителни 15 дена да се усогласат?

Г-дин Трајчевски одговори потврдно.

Г-дин Ајдини рече дека има прашање во врска со Точка 4 за ТВ Компани 21-М. Погледнал во материјалите дека тие се изјасниле и праша дали во меѓувреме е контактирано со радиодифузерот?

Раководителката Давидовска Довлева објасни дека лично се слушнала телефонски со претставник на телевизијата и му ја објаснила во целост обврската од член 15 став 3 од Законот за медиуми. Во овој случај сепак се оди со јавна опомена бидејќи не е направено во законскиот рок, иако радиодифузерот во меѓувреме ја достави снимката од објавата. Сега ќе се направи контролен надзор и ќе се констатира дека ја исполниле обврската. Во однос на ТВ Ирис објасни дека и за двете прекршувања им е пратено известување дека имаат право да се изјаснат, известувањето го имаат примено, но не доставиле изјаснување. Наведе доколку Советот смета дека е добро и телефонски да им се јават тоа и ќе го сторат и ќе има објаснат дека имаат рок од 45 дена, а потоа доколку не ја исполнат обврската следува покренување на постапка за одземање на дозволата.

Г-дин Петрушевски рече дека е подобро да им се јават и да им објаснат отколку да се започнува постапка за одземање на дозволата.

Г-дин Ајдини се согласи со предлогот на г-дин Петрушевски.

*<u>Гласање по Точка 2</u>*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.03-1894/1 од 24.04.2023 година и едногласно (гласањето на г-дин Јанчески беше преку аудио врска) заклучи на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 15 став 1 од Законот за медиуми, затоа што до Агенцијата не достави податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во 2022 година, остварените вкупни приходи и расходи од обезбедувањето дејност во 2022 година и за просечната гледаност во 2022 година

Во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 3*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.03-1892/1 од 24.04.2023 година и едногласно (гласањето на г-дин Јанчески беше преку аудио врска) заклучи на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 15 став 3 од Законот за медиуми, затоа што во првиот предвиден рок не ги објави на сопствената програма податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично) и до Агенцијата не достави снимка од објавата во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

Во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 4*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.03-1891/1 од 24.04.2023 година и едногласно (гласањето на г-дин Јанчески беше преку аудио врска) заклучи на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 15 став 3 од Законот за медиуми, затоа што во првиот предвиден рок не ги објави на сопствената програма податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини,

услуги обезбедени на трети страни и слично) и до Агенцијата не достави снимка од објавата во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

Во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга, бр.08-234 од 30.04.2019 година. Објасни дека овој радиодифузер во предвидениот законски рок од 30 дена не го плати надоместокот за дозволата за радио емитување. Информира дека контактирал со еден од сопствениците пред неколку дена и го увериле дека во текот на следната недела ќе биде извршена уплата и се надева дека на седницата на 29 мај ќе има предлог за запирање на оваа постапка.

Г-дин Петрушевски рече дека е добро да се информираат за крајниот рок за уплата односно дека тој рок тече од денот на заверување на предлогот за покренување на постапката во архивата на Агенцијата.

Советот на Агенцијата едногласно (гласањето на г-дин Јанчески беше преку аудио врска) покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско Радиодифузно Друштво ЈОН-РАДИО ДОО Струга, бр.08-234 од 30.04.2019 година, поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и (Службен весник на РСМ" бр.42/20 и 77/21).

Согласно Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор бр.05-2107/1 од 16.05.2023 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозвола согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско Радиодифузно Друштво ЈОН-РАДИО ДОО Струга, бр.08-234 од 30.04.2019 година.

**Точка 6**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Одржување на компјутерска и друга ИКТ опрема. Објасни дека станува збор за редовна јавна набавка која се спроведува на две години. Набавката е предвидена во Годишниот план за јавни набавки за 2023 година а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година, односно ќе бидат обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за 2024 година. Тоа значи дека договорот што ќе произлезе ќе се склучи за временски период од 2 години и ќе се спроведе како поедноставена отворена постапка. Сите други потребни информации се наоѓаат во материјалите по точката.

Г-дин Петрушевски праша дали плаќањето ќе се врши само за тоа што ќе се сработи односно не мора сите средства да се потрошат?

Раководителката Митревска објасни дека е така, дека плаќањето е сукцесивно и ќе се плати по извршувањето на услугата се разбира доколку се појави потреба од дадена услуга, Агенцијата не е обврзана да ги потроши сите средства.

Советот на Агенцијата едногласно (гласањето на г-дин Јанчески беше преку аудио врска) даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Одржување на компјутерска и друга ИКТ опрема.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Одржување на компјутерска и друга ИКТ опрема е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2023 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4766/1 од 23.12.2022 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година, односно ќе бидат обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за 2024 година.

**Точка 7**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Истражување - Анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите. Објасни дека оваа набавка Агенцијата ја спроведува секоја година и оваа потреба е предвидена и во Програмата за работа на Агенцијата за 2023 година. Набавката е предвидена во Годишниот план за јавни набавки за 2023 година а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година. Ќе се спроведе како набавка од мала вредност а сите останати податоци се содржани во материјалите кои се доставени по точката.

Г-дин Петрушевски се присети дека Собранието годишно на една од комисиите има една ваква точка и дека се користат овие резултати.

Г-дин Трајчевски појасни дека оваа обврска произлегува од друг закон, од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Агенцијата е обврзана да го спроведе

ова истражување а резултатите од истражувањето треба да се достават до Собрание на РСМ.

Г-дин Петрушевски рече дека податоците кои ќе произлезат од ова истражување не ги користи само Агенцијата, туку ги користи и Собранието, а со тоа и јавноста.

Г-дин Трајчев рече дека Советот гласа само за давање одобрување за потребата од набавка и се изјасни дека ќе даде согласност. Но, бидејќи во материјалите на увид е доставена и техничката спецификација во која се гледа дека 40% е цената како критериум за вреднување на најповолна понуда, принципиелно неговиот став е дека иако Советот не е надлежен сепак може да укаже дека со тоа не се согласува.

Г-дин Фиданоски рече дека ќе се надоврзе на дискусијата на г-дин Трајчев. Објасни дека за вакви сензитивни истражувања или точки каде што треба да излезе на површина квалитетот пред се, бидејќи корисници на ова истражување ќе бидат и други институции не само Агенцијата, е за тоа да се вреднува квалитетот на изработката. Од тие причини смета дека е адекватен соодносот 40-60 и ќе даде поддршка за јавната набавка.

Советот на Агенцијата едногласно (гласањето на г-дин Јанчески беше преку аудио врска) даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Истражување - Анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Истражување - Анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2023 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4766/1 од 23.12.2022 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година.

**Точка 8**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.** 02-2106/8

30.05 **2023 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**